325.83+329.73:008(497.17)„18"(049.3)

Владо ПОПОВСКИ

# МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ДО ТМОРО — СОЦИЈАЛНО ПОЛИТИЧКИ КАРАКТЕР — „Македонска книга" — Скопје 1989, 271.

Кон крајот на 1989 година во издание на „Македонска книга" од Скопје излезе од печат мошне значајната студија на д-р Владо Поповски под наслов: „Македонското национално-ослободително движење до ТМОРО — Социјално политички карактер". Главната цел на авторот со публикувањето на спомнатава монографија е да го утврди и дефинира социјално-политичкиот карактер на македонското националноослободително движење од самото негово појавување на историската сцена па сè до формирањето на Македонската революционерна организација. Всушност, во оваа студија авторот врши анализа на уставите на македонското националноослободително движење, за да може врз основа на дотогашните национално-културно и општествено-политички процеси и белези на движењето да ја прикаже неговата повисока етапа — револуционерната и државно-творната манифестација.

Уште во првата глава од првиот дел „Национално-културните процеси во македонското ослободително движење до Источната криза", Поповски подвлекува дека за такво движење во Македонија може да се зборува од половината на XIX век. Таквото пројавување се манифестирало на планот на народносната и националната индивидуалност и субјективирањето на македонскиот народ преку потребата од свое име, од свој јазик, од свои училишта, од свои црковно-училишни општини и од своја национална црква. Значи, македонското националослободителното движење во првиот период од својот развиток се појавило како движење за национално-културно легитимирање и признавање на Македонците како посебен народ во структурата на Турската империја.

Македонското име како народносно и национално се појавило кон средината на минатиот век. Дотогаш Македонците биле именувани како: Славјани, Словени, каури, рисјани, рајати, раја, уруммилет и други. Меѓутоа, кон средината на 50-тите и во текот на 60-тите години на XIX век, во кругот на поиздигнатите македонски средини, особено во прв ред среде интелигенцијата и во рамките на поопштото будење и зајакнување на македонската граѓанска категоризација, се јавило и се издиференцирало македонското име како народносен и национален белег. Иако било дочекано на нишан од соседните пропаганди, македонското име, како симбол на национална функција, сепак успеало да си пробие пат и да најде место во широко развиената скала на национални одредници со кои веќе се постигнало формирање на македонска национална програма.

Вториот дел од студијата ѝ е посветен на револуционерната и државнотворната манифестација

на македонското ослободително движење до формирањето на ТМОРО. Во четирите глави на овој дел, авторот се осврнува, најпрво на реформните процеси во Турската држава, со посебен осврт на политиката на македонскиот народ и неговата положба и револуционерните манифестации на македонското ослободително движење. Во таа смисла, Поповски продлабочено и аргументирано ги образложува реформните процеси во Турција од периодот на Танзиматот и нивното општо значење. Во оваа глава, особено се одбележани промените во положбата на македонскиот народ пред Големата источна криза и нивниот одраз врз македонското ослободително движење. Во посебна глава се следи политиката на балканските држави и монархии и политиката на европските сили, како и нивниот однос кон Македонија и кон македонското ослободително движење.

Централната глава во овој дел од монографијата им е посветен на револуционерните и државнотворните манифестаци на македонското ослободително движење во Источната криза. Значи, во оваа, според нас, централна глава, акцент се става на македонското ослободително движење за време на Големата источна криза. Тука, до израз доаѓа прикажувањето на социјалните и политичките потенцијали на македонското ослободително движење за време на Разловечкото (1876) и Кресненското востание (1878/79). Значи, до израз доаѓа авторовото проникнување во настаните поврзани со формирањето на Македонската лига од 1880 година, со формирањето на нејзиниот Воен штаб и улогата што ја имал во Привреемната управа на Македонија и со основањето на македонската војска. Покрај тоа, кога станува збор за настаните што се одиграле во источно-македонскиот политички центар, Поповски се задржува и на Уставот за идното државно уредување на Македонија од март-април 1880 година со 103 члена; на Воената инструкција за устројството на македонската војска во Автономна држава Македонија од 12 април 1880 година со 161 член; на Привремената воена инструкција за дејствувањето на македонската војска од 6 мај 1880 година со 103 члена; на Мемоарот до големите европски сили од 23 јуни 1880 година и на Манифестот на Главниот штаб објавен на Пирин Планина на 29 јуни 1880 година. Што се однесува на југозападниот политички центар, Поповски се навраќа на формирањето на Националното собрание на Македонија и Привремената влада „Единство", кои ги донесе протолкуваните решенија од 2 јуни 1880 година, пропратени од Привремената влада на Македонија до големите сили и на Манифестот на Привремената влада на Македонија од 23 март 1880 година. Овој свој централен и носечен дел во студијата авторот го завршува со четвртата глава под наслов: „Основни карактеристики и достигнувања на македонското ослободително движење од вториот период", кадешто всушност ги сумира своите претходни образложувања.

Третиот дел од монографијата Поповски целосно им ја посветил на уставите и на другите акти на македонското ослободително движење во Големата источна криза како показател на неговата социјално-политичка природа. Низ четирите глави на овој дел доминираат прашањата поврзани во врска со државнотворната манифестација на македонското ослободително движење и значењето на „Уставот на Македонскиот востанички комитет од 1878 година", во тесна врска со социјалната, политичката и државно-правната програма на Уставот. Преку следењето на Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание од 1878 година, Поповски поопширно ја разгледува социјалната, политичката и државноправната програма на Уставот, како крајна цел за идното формирање на самостојна македонска држава. Покрај тоа, авторот се задржува и на Уставот за идното државно уредување на Македонија од 1880 година, кадешто аргументирано ги образложува прашањата поврзани со социјалната, политичката и национална програма на тој Устав како и државно-правните атрибути на уставниот концепт за

идното државно уредување на Македонија од 1880 година. Во посебна глава Поповски ги осветлува актите на Националното собрание на Македонија и на македонските црковно-училишни општини од 1880 година. Во оваа проблематика до израз доаѓаат авторовите образложувања во врска со Македонското национално собрание и акцијата на македонските општини од 1880 година, како и концепцијата на македонските општини за реформи на Македонија испратени до европската комисија во Цариград.

На крајот Поповски сосема правилно заклучува дека македонското ослободително движење во периодот од почетокот на Големата источна криза до 1893 година се наоѓало во развиена национална, социјална и политичка зрелост пред создавањето на ТМОРО.

Од изложеново, слободни сме да го дадеме нашето високо мислење за објавената публикација на д-р Владо Поповски. Станува збор за еден мошне сериозен и значаен научен труд, кој третира мошне интересна и досега недоволна расветлена проблематика од историјата на македонскиот народ во втората половина на XIX век. Оттаму, слободни сме да констатираме дека најновата студија на Поповски е мошне значајна публикација, со која, разработувајќи ја низ призмата на социолошко, политичко-правни параметри и применувајќи малку поразличен пристап и метод на работа од еден класичен историограф, во погруба смисла на зборот, авторот ни дал едно автентично историографско остварување со доста интердисциплинарни елементи на обработка. Покрај тоа, најновата публикација на д-р Владо Поповски претставува автентична студија за уставите во македонското националноослободително движење до основањето на ТМОРО и неодминлива монографија за македонската државно-правна историја и за македонското националноослободително движење во почетокот на втората половина на XIX век до 1893 година. Со тоа, спомнатава монографија на д-р Владо Поповски претставува нов, мошне значаен прилог во македонската историска наука.

Александар ТРАЈАНОВСКИ